РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-832/6
13.10. 20 23 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 13.09.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Студии на политиките", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на Институт за општествени и хуманистички науки Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Студии на политиките" втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на Институт за општествени и хуманистички науки Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со академски назив: Магистер по студии на политиките, / во меѓународен промет, академски, назив: Master of Arts in policy studies.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 507 Политички науки
605 Филозофија 511 Социологија, Научно – истражувачка област: Епистемологија (60505) Филозофија на науката (60508) Филозофија на технологијата (60509) Филозофија на културата (60510) Филозофија на политиката (60511) Социологија на трудот и организациите (51116) Социологија на масовните комуникации и информации (51122) Политичка економија (50301) Применета економија (50302) Образовна политика (50512) Теорија на правото (50801) Меѓународни односи и историја на дипломатијата (50815) Наука за управата (50900).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 5 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 31/2/2023 од 28.02.2023 година од страна Извршен директор на ИОХН , за усвојување на студиската програма „Студии на политиките", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на Институт за општествени и хуманистички науки Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 62/2023 од 11.05.2023 година (наш бр. 08 -832/1 од 11.05.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 58-та седницата одржана на 12.05.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 832/6 од 27.09.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 13.09.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова